


# Димовски: Потегот на Мицкоски да се повика да се приклучи Апасиев е исправен и е за рушење на Заев, ако е искрен ќе прифати соработка

Проблемите за кои зборувавме се на локално ниво и треба да се соработува за да се решат тие проблеми на граѓаните. Прегрупирање се гледа. Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ ќе расте, на СДСМ се намалува,  ЛДП, ДОМ, ДС најавија излегување. Тенденцијата е јасна, опозицијата се окрупнува, рече Илија Димовски од ВМРО-ДПМНЕ на гостувањето во централниот Дневник на телевизија Сител.

Говорејќи за коалиција со албански партии, Димовски рече „Албанците секогаш велат ВМРО-ДПМНЕ секогаш си стои на зборот".

Според Димовски, победата на локалните избори на опозицијата е влез во нови предвремени избори.

„Повикот на претседателот Христијан Мицкоски до Левица е ајде заедно да го срушиме Зоран Заев. Потегот на Мицкоски да се повика да се приклучи Апасиев е исправен и е за рушење на Заев, ако е искрен ќе прифати соработка", кажа Димовски.